# СКАНДАЛ
# SCANDAL

SCCA – SKOPJE
ANNUAL EXHIBITION

- **скандал** *m* (случај што добива широк глас и предизвикува негодување, врева, викотница, неред); **скандализира** *pf* и *impf* I (предизвика, предизвикува грозење од нарушувањето на правилата на пристојноста); II (згрози се, грози се, згнаси се, гнаси се); **скандалозен** -зна *adj* 1. (кој предизвикува негодување, срамотен, одвратен, гнасен) скандалозно држење, скандалозно држење. 2; скандалозен човек.; **скандал** (грч. skándalon) соблазни се, соблазнување, да се предизвика силно негодување, лутење, да разлути; **скандалира** (нлат. scandalisare): прави (или: предизвика, предизвикува) скандал; **скандалозен** (нлат. фр. scandaleux) соблазнителен, срамен, одвратен, ужасен.

- **scandal** *n* a disgraceful event or action: talk arising from immoral behaviour: a feeling of moral outrage: the thing or person causing this: disgrase: malicious gossip: **scandalize vt to shock** the moral feelings of: to defame: **scandalmonger** *n* a person who spreads scandal or malicious gossip: **scandalous** *adj* causing scandal: shameful: spreading slander.

- **ангажман** (фр. engagement) обврзување, обврзност, заложување, давање во залог; стапување на служба, спогодба, најмување, редовна должност; *воj.* препирка, судир, сукоб, бој; **ангажира** (фр. engager) да обврзе, да земе во служба, да погодува, да најмува; побуди, наговори, наведе, да се тргне некој на нешто; да се впушти во нешто, да се пушти, да се виплетка во борба; *ангажира* се зазема за, се заложува, се залага (за некого или нешто); **ангажиран** обврзан, којшто се ветил, којшто е земен во служба; *воj.* заплеткан во борба.

- **com-mit** *vt* (**com-mit-ting**, **com-mit-ted**) to entrust: to consign (to prison): to do, to perpetrate a crime, etc. to pledge, to involve - **committer** *n*: 1. To do: perpetrate. 2. To place in trust or custody: entrust; especially, to consign to an institution or prison. 3. To consign to any person, place, or use. 4. To devote, pledge: hence, to involve, compromise, or bind (oneself). 5. To consign for future reference:

**Трета Годишна изложба на Сорос Центарот за современи уметности - Скопје, Македонија**

**Third Annual Exhibition of the Soros Center for Contemporary Arts - Skopje, Macedonia**

**mit-ment** *n* 1. The act or process of entrusting or consigning for safekeeping. 2. An act of engagement or pledging. 3. The act of doing: perpetration. 4. An engagement that restricts freedom: an obligation: an

# КОНКУРС

## ЗА ТРЕТАТА ГОДИШНА ИЗЛОЖБА
## НА СОРОС ЦЕНТАРОТ ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ
## - СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

на тема:

# С К А Н Д А Л

*Покана до уметниците преку медиумот на огласните паноа и темата 'скандал' да ги искажат своите видувања за општествениот ангажман на уметноста и уметникот денес.*

24 -12- 1997

*Цел:*

Годишната изложба има за цел да ја промовира домашната ликовна уметност и уметници. Таа треба да го поттикне интересот за темите и медиумите коишто се помалку истражувани од уметниците или пак застапувани од музеите и галериите.

Изложбата има исто така за цел да го подигне општото рамниште на разбирање за современата уметност во пошироката јавност.

*Тема и медиум:*

- ПОЈДОВНИ ОДРЕДНИЦИ:

Проектот со темата "СКАНДАЛ" е определена од Одборот на Центарот, на предлог на кураторот. Мотивите за овој избор се поттикнати од потребата темата и медиумот да одразуваат актуелен концепт, којшто е релевантен и во меѓународен контекст. Остварувањето на така замислениот проект предвидува нови практични и теориски истражувања и ќе се реализира на четири рамништа. Првото ќе биде организирање на 'изложба' од пет избрани проекти кои ќе бидат поставени на огласните табли во Скопје на 30 локации едновремено. Второто рамниште ќе биде организирање на предавања на тема *Општествениот ангажман на уметноста: манифести или белешки?* од страна на поканети странски и домашни теоретичари на уметноста. Третото рамниште е публикување на преводи на текстови од странски критичари и теоретичари на уметноста кои ќе бидат објавени во специјалниот додаток на списанието *Големото стакло*. Четвртото рамниште предвидува публикување на двотомен каталог: едниот треба да биде документарен и ќе ги содржи фотографските записи од локациите каде што ќе бидат поставени плакатите во текот на еден месец, бележејќи ги сите промени, интервенции и реакции; другиот ќе биде составен од текстови на македонските критичари и теоретичари на уметноста, како и естетичари, философи и социолози кои треба да ги интерпретираат манифестирањата на 'ангажираното' присутно во 'изложените' проекти на огласните табли и другите појавности на истото во пошироките општествени рамки, со цел да се добие еден посеопфатен приод кон актуелните (не)случувања во уметноста.

- КУРАТОРСКИ ОДРЕНИЦИ:

1. Проектот "СКАНДАЛ" е покана до уметниците преку медиумот на огласните паноа и темата 'скандал' да ги искажат своите видувања за општествениот ангажман (преку аспектите на политичкото, социјалното, етничкото или меѓуетничкото, религиозното) на уметноста и уметникот денес;
2. Проектот "СКАНДАЛ" предвидува инволвирање на феномените на уметноста на јавното (public art) и отворање на комуникативниот дискурс на уметникот со општеството или обратно (committed art);
3. Проектот "СКАНДАЛ" е дефиниран како истражување на употребата на терминот 'скандал' во неговите суштински и најекстремни аспекти и манифестирања како предмет и инструмент на уметничкото делување во денешницата;
4. Проектот "СКАНДАЛ" има за цел да ги испита можностите и условите за постоење или непостоење на ангажирана уметност (committed art) во Македонија;
5. Проектот "СКАНДАЛ" има за цел да ги испита можностите и условите за постоење или непостоење на уметноста на јавното (public art) во Македонија;
6. Проектот "СКАНДАЛ" има за цел да го утврди карактерот, структурата и феноменологијата на 'ангажираноста' на ~ и на 'јавното' во уметничкото делување во Македонија во втората половина на деведесеттите;
7. Проектот "СКАНДАЛ" бара од уметниците да излезат од своето ателје и да воспостават дијалог со општеството и неговите појавности;
8. Проектот "СКАНДАЛ" бара од уметниците произнесување на ставови за секојдневните случувања во нивното општествено окружување;
9. Проектот "СКАНДАЛ" бара од уметниците преку медиумот на јавната комуникација да го постават своето дело/проект во насока на искажување на став имајќи ги како координати првенствено уметничкиот јазик и постапки за обликување на искажувањата.
10. Проектот "СКАНДАЛ", во својата конечност, се прашува дали има или нема [воопшто] можност за поставување на вакви одредници во македонската рецентна уметничка продукција.

### *Пропозиции:*

На изложбата рамноправно можат да конкурираат уметници од сите генерации коишто живеат и творат во Републиката. (Студентите немаат право на конкурирање.) Еден уметник може да пријави и повеќе проекти. Уметниците можат да ги имаат предвид локациите на огласните табли и да разработат концепт врзан токму за избраната локација; ова треба да е одделно назначено на пријавата. Изведбата на проектите се очекува да ги содржи елементите и постапките однапред предвидени за форматот на огласната табла со димензии 2,5x3,5м. Проектите треба да бидат доставени во својот конечен изглед во размер 1:3,5, односно на формат 70x100 см. Доколку се поднесуваат проекти подготвени на компјутер тие треба да бидат изведени во RGB Color Mode и доставени на дискета, односно CD-ROM. Скенирањето и печатењето на проектите ќе биде во резолуција 300x300, а ќе се изведе на Encad Novajet Pro 35 inkjet printer во 9 примерока (6 примерока за поставување, еден за авторот, еден за Центарот и еден за депонирање во Музејот на современата уметност во Скопје).

### *Локација и термин:*

Изложбата ќе биде поставена на 30 огласни табли на агенцијата Akzent Media насекаде по Скопје во периодот 15. септември - 15. октомври 1997. [локациите се означени на планот кој може да се подигне во просториите на Центарот].

### *Избор на уметници:*

Одборот на Центарот е одговорен за изборот на уметниците за Годишната изложба. Уметниците треба да ја испратат проектната документација (пријава, решение и текстуални образложенија, спецификација на потребните материјали и опрема и кратка биографија) до Центарот најдоцна до **15. јули 1997**. По затворањето на конкурсот, Одборот ќе избере пет проекти за учество на изложбата. Одборот го задржува правото лично да покани, било на конкурсот, било на изложбата, еден до два уметника.

### *Жири:*

Петчленото меѓународно жири, избрано од Одборот на Центарот, ќе изврши избор на највпечатливите дела од изложбата и ќе додели до 3 награди со вкупен фонд од 3,000 американски долари.

### *Техничка реализација:*

Буџетот на Изложбата не ги покрива трошоците на создавањето или изведувањето на проектот, којшто е всушност сопственост на уметникот. Центарот како организатор на изложбата ќе ги изнајми материјалите и опремата и ќе обезбеди стручна и техничка помош потребни за реализација на избраните проекти.

## - ТЕРМИНОЛОШКИ ОДРЕДНИЦИ:

- **скандал** *m* (случај што добива широк глас и предизвикува негодување, врева, викотница, неред); **скандализира** *pf* и *impf* **I** (предизвика, предизвикува грозење од нарушувањето на правилата на пристојноста); **II** (згрози се, грози се, згнаси се, гнаси се); **скандалозен** -зна *adj* **1.** (кој предизвикува негодување, срамотен, одвратен, гнасен) скандалозно држење, скандалозно држење. **2.** скандалозен човек; **скандал** (грч. skandalon), соблазни се, соблазнување, да се предизвика силно негодување, лутење, да разлути; **скандалира** (нлат. scandalisare) прави (или: предизвика, предизвикува) скандал; **скандалозен** (нлат. фр. scandaleux) соблазнителен, срамен, одвратен, ужасен.

- **scandal** *n* a disgraceful event or action; talk arising from immoral behaviour; a feeling of moral outrage; the thing or person causing this; disgrase; malicious gossip; **scandalize vt to shock** the moral feelings of; to defame; **scandalmonger** *n* a person who spreads scandal or malicious gossip; **scandalous** *adj* causing scandal; shameful; spreading slander.

- **ангажман** (фр. engagement) обврзување, обврзност, заложување, давање во залог; стапување на служба; спогодба, најмување, редовна должност; *вој.* препирка, судир, судир, бој; **ангажира** (фр. engager) да обврзе, да земе во служба, да погодува, да најмува; побуди, наговори, наведе, да се тргне некој на нешто; да се впушти во нешто, да се пушти, да се вплетка во борба; *ангажира* се зазема за, се заложува, се залага (за некого или нешто); **ангажиран** обврзан, којшто се ветил, којшто е земен во служба; *вој.* заплеткан во борба.

- **com-mit** *vti* (**com-mit-ting**, **com-mit-ted**) to entrust; to consign (to prison); to do, to perpetrate a crime, etc; to pledge, to involve. - **committer** *n*. 1. To do; perpetrate. 2. To place in trust or custody; entrust; especially, to consign to an institution or prison. 3. To consign to any person, place, or use. 4. To devote; pledge; hence, to involve, compromise, or bind (oneself). 5. To consign for future reference, preservation, or disposal: to *commit* a speech to memory or to writing; *Commit* these bones to the earth. 6. To refer, as to a committee for consideration or report: a preliamentary term. [<L *committere* join, entrust <*com*- together + mittere send] - **com-mit'ta-ble** *adj*. - **com-mit-ment** *n* 1. The act or process of entrusting or consigning for safekeeping. 2. An act of engagement or pledging. 3. The act of doing; perpetration. 4. An engagement that restricts freedom; an obligation; an order for imprisonment or confinement in a mental institution (*-also* **com-mit'tal**); **committed** *adj* dedicated; pledged by a commitment.



Градски парк
Воена болница
Карпош
булевар "Илинден"
булевар Октомвриска револуција
булевар "Партизански одреди"
т.ц. "Буњаковец"
ф-ка "Алумина"
Млечен ресторан
ф-ка "Треска"
Дом за печат
Капиштец
Државна болница
Водно
Водњанска
МВР
Собрание на РМ
Гранд хотел
булевар "Гоце Делчев"
мост "Гоце Делчев"
Пошта
МНТ
булевар "Кочо Рацин"
Маќедонија
СЕВЕР
0
200
1000 m

# СКАНДАЛ
# SCANDAL

SCCA - SKOPJE
ANNUAL EXHIBITION



SOROS CENTER FOR CONTEMPORARY ARTS - SKOPJE, MACEDONIA
СОРОС ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

Скопје, 16. јули 1997.

Почитувани,

Одборот на Сорос Центарот за современи уметности – Скопје, Македонија на својата 7. редовна седница одржана на 15. јули о.г. на дневниот ред го имаше изборот на проекти за СКАНДАЛ - Трета Годишна изложба на Центарот.

По извршениот увид во приложените проекти, Одборот заклучи дека не постојат доволен број на проекти кои ги исполнуваат бараните квалификативи и кураторски одредници.

*Со ова изложбениот дел на*
*Третата Годишна изложба на*
*Сорос Центарот за современи уемтности - Скопје*
*СКАНДАЛ*
***нема да биде изведен***

Со оглед на тоа дека во рамките на целиот проект се засегнати некои од теориските аспекти, Одборот предложи можност теориски и аналитички да се истражат елементите на постоењето/непостоење на ангажираната уметност во Македонија во медиумот на огласните паноа. Ова би требало да биде изведено со доставување на увид на приложените проекти од конкурсот на поширок круг на ликовни теоретичари и критичари, кои согласно сопствените видувања би учествувале на тркалезната маса која ќе биде организирана по повод Третата Годишна изложба.
Со тоа, Ви се обраќам со информацијата дека Центарот за таа цел предвидува организирање на 'поставка' на проектите отпечатени во формат 70x100 см. Доколку се сложувате Вашиот проект да биде отпечатен и изложен во оваа форма и за оваа цел, би Ве замолил за писмено одобрување од Ваша страна.

На крајот, во името на Центарот би сакал да Ви се заблагодарам на досегашната соработка.

Срдечно,

Небојша Вилиќ

P.S.
Доколку не го прифаќате предлогот за понатамошниот тек на проектот, бидете слободни да дојдете во канцеларијата на Центарот да ја подигнете конкурсната документација.

СОРОС ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ · СКОПЈЕ МАКЕДОНИЈА
РУЗВЕЛТОВА 34 П.ФАХ 378
91000 СКОПЈЕ
ТЕЛЕФОН И ФАКС 091 36 18 55
E-MAIL SCCA@SOROS.ORG.MK

# СКАНДАЛ

## ТРЕТА ГОДИШНА ИЗЛОЖБА НА СОРОС ЦЕНТАРОТ ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ

| БР. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ |
|---|---|---|
| 1. | Предраг Урошевиќ | *Coitus interruptus* |
| 2. | Предраг Урошевиќ | *Ur - Scan (ūра-скандал)* |
| 3. | Благој Мицевски | *Доīовори ???* |
| 4. | Станко Павлески | *Психо - ūранзиū несесер* |
| 5. | Дејан Спасовиќ, Никола Велков | *Wet Dream* |
| 6. | Дејан Спасовиќ, Никола Велков | *Црн објекū* |
| 7. | Дејан Спасовиќ, Никола Велков | *SF History* |
| 8. | Дејан Спасовиќ, Никола Велков | *Знаме* |
| 9. | Дејан Спасовиќ, Никола Велков | *Ти си следниоū* |
| 10. | Ѓорѓи Близнаковски | *Крик* |
| 11. | Ѓорѓи Близнаковски | *Art is Life, Life is Art* |
| 12. | Маја Соколова | *Слики од леūовање* |
| 13. | Дубравко Наумов | *Прошеūка на ūеūеруīаūа* |
| 14. | Мирослав Масин | *Сојуз за Македонија* |
| 15. | Сашо Станојковиќ | *Падоū на Икар* |
| 16. | Антони Мазневски | |
| 17. | Венци Лисовски | *Недозволива 'ūолиūика на емоции' во Умеūносūа* |
| 18. | Венци Лисовски | *'Свесносū' за леūливиоū мрак* |
| 19. | Венци Лисовски | *Женска Драма* |
| 20. | Венци Лисовски | *Боиūе во служба на (не)висūинаūа /или/ Јас īо разбирам свеūоū ќако иīра на бои* |
| 21. | Венци Лисовски | *Либерализација на 'неūознаūиоū' бол* |
| 22. | Димитар Младеновски | *Злоуūоūреба* |
| 23. | Владимир Крстевски | *One for the Road* |
| 24. | Стеван Шашков | *Забранеūо леūење ūлакаūи* |
| 25. | Стеван Шашков | *Нова Македонија* |
| 26. | Стеван Шашков | *Recycled Letter* |
| 27. | В. Урошевиќ и Е. Аврамовска | *Кој ūовеќе девалвира* |
| 28. | В. Урошевиќ и Е. Аврамовска | *Оаза на мироū бр.1* |
| 29. | В. Урошевиќ и Е. Аврамовска | *Оаза на мироū бр.2* |
| 30. | В. Урошевиќ и Е. Аврамовска | *Тоа е она висūинскоūо!* |
| 31. | В. Урошевиќ и Е. Аврамовска | *USE - RECICLE - REUSE ** |
| 32. | В. Урошевиќ и Е. Аврамовска | *Роди се мушко, осūвари се сан** |
| 33. | В. Урошевиќ и Е. Аврамовска | *MAXI ECO PACK* |
| 34. | Секова Билјана | *Гола* |
| 35. | Ива Алексова | *Табло* |

*Покана до уметниците преку медиумот на огласните паноа и темата 'скандал' да ги искажат своите видувања за општествениот ангажман на уметноста и уметникот денес*

Ова е поканата упатена до уметниците како иницијална етапа од проектот *Скандал* којшто има за цел да ги истражи можностите за искажување на уметниците во доменот на ангажираната уметност – сегмент кој, сметам, не е доволно присутен на уметничката сцена. Причините за ваквиот став произлегуваат од севкупните, пред се́, општествени случувања во земјата, случувања на кои уметничката заедница скоро воопшто и да не реагира, односно не се засега. Целта на проектот, меѓу другите е и самиот да ги истражи причините за тоа.

По пристигнувањето на конкурсните проекти, одборот на SCCA - Skopje 'заклучи дека не постојат доволен број на проекти кои ги исполнуваат бараните квалификативи и кураторски одредници' како предуслов за одржување на изложбениот дел од проектот. Овој момент најверојатно е најспорен меѓу уметничката јавност и јавноста заинтересирана за овој проект. Заради тоа, Одборот одлучи да ги запраша уметниците кои приложија проекти за согласност проектите да бидат 'поставени' за 'увид на проектите од конкурсот на поширок круг на ликовни теоретичари и критичари' - односно, наместо изложбениот дел од проектот да биде реализиран на огласните паноа низ Скопје, тие да бидат поставени во холот на зградата на Институтот. Ова се́ со цел јавно да се искажат мислењата за проектот, за 'преостроста' на кураторот, односно одлуката на Одборот, да се направи селекција од страна на другите, да се каже дека сепак изложбата можела да се направи ... за да се официјализираат 'кулоарските муабети' – се разбира со аргументи.

Меѓутоа, тоа што е позначајно во затеченава ситуација е секако можност неколку од Кураторските одредници

(4. Проектот *Скандал* има за цел да ги испита можностите и условите за постоење или непостоење на ангажирана уметност (committed art) во Македонија;

5. Проектот *Скандал* има за цел да ги испита можностите и условите за постоење или непостоење на уметноста на јавното (public art) во Македонија;

10. Проектот *Скандал* во својата конечност, се прашува дали има или нема (воопшто) можност за поставување на вакви одредници во македонската рецентна уметничка продукција.)

да останат предмет за разговор. Интересно е тоа што обично проектите кои се организираат завршуваат позитивно, односно се стекнува впечатокот дека тие се извесни од самиот почеток и дека истражувачкиот карактер нема никаква неизвесност. За среќа – за жал случајот со *Скандал* не е таков. Оттука и целиот предизвик во понатамошниот тек на проектот – обидот да се истражат причините зошто е така.

Неколку појдовни размислувања можат да помогнат во развојот на разговорот. Од една страна постои вистина во исказот: скандал не може да се порача, но провокацијата која SCCA ја најде во овој проект е скандалот да се иницира, а не да се инсценира. Понатаму, овој проект е можеби и 'најдрскиот' од сите досегашни (во смисла на честите напади на годишните изложби на SCCA им 'наметнуваат' на уметниците поставените теми, медиуми и аспекти со кои тие не се занимаваат), заради тоа што основната интенција на овие изложби не е тие да дадат пресек на присуството на некоја тема и медиум, туку да се овозможат услови за поинакви уметнички истражувања, воглавно недостапни до уметникот. Конечно, кураторот побара преку овој проект 'дрскост' од уметниците. Анализирајќи ги пристигнатите проекти впечатокот кој се стекнува е дека најголемиот проблем доаѓа од малото искуство за работа во овој медиум. Од друга страна стои делумното зафаќање не толку со темите и мотивите во проектите, туку оној момент кога ова зафаќање преминува во скандал, односно станува скандал.

Така, разговорот ќе сака да се развива како дијалог меѓу субјектите на уметничката заедница во Македонија околу овие проблеми. Овој разговор е следната фаза од проектот, фаза која ќе претходи на симпозиумот кој ќе треба теориски да ги расветли некои од аспектите на скандалот и ангажираното низ медиумот на огласните таблоа.

Н.В.

## NOTES/БЕЛЕШКИ

- **скандал** *m* (случај што добива широк глас и предизвикува негодување, врева, викотница, неред); **скандализира** *pf* и *impf* I (предизвика, предизвикува грозење од нарушувањето на правилата на пристојноста); II (згрози се, грози се, згн.... се, гнаси се); **скандалозен** -зна *adj* **1.** (кој предизвикува негодување, срамотен, одвратен, гнасен) скандалозно држење, скандалозно држење **2.** скандалозен човек.; **скандал** (грч. skándalon) соблазни се, соблазнување, да се предизвика силно негодување, лутење, да разлути; **скандалира** (нлат. scandalisare) прави (или: предизвика, предизвикува) скандал; **скандалозен** (нлат. фр. scandaleux) соблазнителен, срамен, одвратен, ужасен.

- **scandal** *n* a disgraceful event or action; talk arising from immoral behaviour; a feeling of moral outrage; the thing or person causing this; disgrase; malicious gossip; **scandalize vt to shock** the moral feelings of; to defame; **scandalmonger** *n* **a person who spreads scandal or** malicious gossip; **scandalous** *adj* causing scandal; shameful; spreading slander.

- **ангажман** (фр. engagement) обврзување, обврзност, заложување, давање во залог; стапување на служба, спогодба, најмување, редовна должност; *воj.* препирка, судир, судир, судир, судир. судир, судир; стапување на служба, **ангажира** (фр. engager) да обврзе, да земе во служба, да погодува, да најмува; побуди, наговори, наведе, да се тргне некој на нешто; да се впушти во нешто, да се пушти, да се вплетка во борба; *ангажира* се зазема за, се заложува, се залага (за некого или нешто); **ангажиран** обврзан, којшто се ветил, којшто е земен во служба; *воj.* заплеткан во борба.

- **com-mit** *vt* (**com-mit-ting, com-mit-ted**) to entrust; to consign (to prison); to do, to perpetrate a crime, etc; to pledge, to involve. - **committer** *n*.: 1. To do; perpetrate. 2. To place in trust or custody; entrust; especially, to consign to an institution or prison. 3. To consign to any person, place, or use. 4. To devote; pledge; hence, to involve, compromise, or bind (oneself). 5. To consign for future reference, preservation, or disposal: to *commit* a speech to memory or to writing; *Commit* these bones to the earth. 6. To refer, as to a committee for consideration or report; a preliamentary term. [ L. *committere* join, entrust < *com-* together + mittere send] - **com-mit`ta-ble** *adj* - **com-mit-ment** *n* 1. The act or process of entrusting or consigning for safekeeping. 2. An act of engagement or pledging. 3. The act of doing; perpetration 4. An engagement that restricts freedom; an obligation; an order for imprisonment or confinement in a mental institution (-*also* **com-mit`tal**); **committed** *adj* dedicated; pledged by a commitment.